# Паљурци - спој на природна убавина и исконско минато



Југоисточниот плански регион има голем туристички потенцијал, со многу туристички локации и можност за развој на туристичката економија. Како дел од туристичкиот потенцијал на регионот е и Гевгелиско-Валандовскиот микро регион. Со овој проект се предвидува да се развијат туристичките потенцијали на локалитетот Паљурци, во општина Богданци.

## Краток преглед на проектот:

**Надлежен:**
- Центар за развој на Југоисточен плански регион

**Партнери:**
-Општини Богданци, Дојран Валандово и Гевгелија

**Времетраење:**
17.05.2010 – 31.10.2010

**Финансирано од:**
-ГТЗ РЕД
-Општина Богданци


**Контакт:**
Мима Станоевска - координатор на проектот
ул. Боро Џони бр. 10
2 400 Струмица
моб. 070/ 238-959
Тел. / факс  034/ 340-139
E-mail: mima.stanoevska@rdc.mk




### Цели на проектот

- Креирање на дополнителни содржини и понуди за досегашните вообичаени и казино туристи во регионот и продолжување на нивниот престој (како крајна цел)
- Уредување на просторот околу вештачкото езеро Паљурци
- Зголемување на туристичката понуда во регионот и поттикнување на развојот во руралните области
- Создавање на поврзани и заеднички понуди од рурални, културно-историски, плански и спортски туризам
- Поддршка во спроведување на Програмата за развој

### Резултати од проектот

- Паљурци, како едно од главните туристички атракции е промовирано
- Областа околу вештачкото езеро е обновена, исчистена и уредена, наместена со урбана опрема
- Создадени се подобри услови за подолг престој на туристите во регионот
- Зголемен  број на посетители и туристичка понуда во руралните области  од Југоисточниот плански регион
- Подобрена соработка помеѓу јавниот и приватниот сектор, општините,  НВО и граѓанскиот сектор, особено во врска со одржливоста на резултатите од овој проект
- Даден е придонес за подобрување на економската ситуација и зголемување на потенцијалите за идните домашни и странски инвеститори